Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-374/3
18.07.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 374 од 26.5.2023 година, поднесена од [redacted] од Прилеп против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија за извршена дискриминација во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.7.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-374 од 26.5.2023 година, поднесена од [redacted] против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 26.5.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Прилеп против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше факти и околности врз кои подносителот го темели тврдењето за сторена дискриминација, на 30.6.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави Барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе опис на пријавената дискриминација, заедно со сите факти и околности кои му се познати.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
18.7.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]